Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука
Shkolla e mesme shtetërore Qendra rajonale e për arsim profesional dhe trajnim
"КИРО БУРНАЗ"-"KIRO BURNAZ"
Бр. Nr. 03-1202
31-10 20 25 год. vj.
Куманово-Kumanovë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Бр. 0307-788/1
07 11 20 25
ШТИП

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**, со седиште на ул. „Крсте Мисирков“ бр.10А, Штип (во понатамошниот текст Универзитетот), претставуван од Ректорот **проф. д-р Дејан Мираковски** и **Земјоделски факултет – Штип**, претставуван од Деканот **проф. д-р Емилија Арсов**

и **Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука "Киро Бурназ"**, со седиште на **ул. 1 Долно Којнаре бб 1300 Куманово** (во натамошниот текст Училиштето), претставувано од директорот, **Горан Јовановиќ**, на ден 31.10.2025 година го склучија следниот:

# М Е М О Р А Н Д У М
**за соработка**

## 1. ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум претставува регулирање на меѓусебните обврски и одговорности помеѓу

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет

и

Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука "Киро Бурназ", Куманово
(назив и место на училиштето)

кои произлегуваат од заемната соработка во насока на поддршка на развојни проекти за унапредување на образованието на младите, локалната заедница, економскиот раст и развој во Република Северна Македонија.

## 2. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 2**

Со цел успешна реализација на одредбите од овој Меморандум, Универзитетот ќе овозможи на Училиштето:

- официјализирање и зајакнување на соработката на институционално ниво меѓу Училиштето и Универзитетот;
- услови за презентација и пренос на знаење од страна на Универзитетот;
- креирање на база на информации за талентирани ученици и соработка со нив (во рамки на Универзитетот со професорите од Универзитетот за подготовка за натпревари и сл.) преку воспоставување на систем за идентификување на млади таленти во соработка со Училиштето и средните училишта воопшто;
- избирање/креирање канал за брза и ефикасна комуникација помеѓу засегнатите страни (е-пошта, апликации за комуникација и сл.);

- иницирање континуирани дискусии за т.н. Отворени денови и т.н. Недела на средношколци во организација на Универзитетот;
- иницирање континуирани дискусии за потребите на училиштата и средношколците за кои УГД би можел да понуди поддршка и соработка и др.
- презентација и пренос на знаење од страна на стручни лица ангажирани од Универзитетот, како и поддршка при изведување на практична настава;
- соработка со Училиштето во контекст на обучување и организација на едукативни форуми, настани, семинари, симпозиуми, тркалезни маси и конференции;
- изработка на анализи за поголем придонес кон нов општествен развој и напредок во културата, образованието, социјалната сфера, економијата и правото на локално, регионално, национално и меѓународно ниво од страна на експерти ангажирани од Универзитетот;
- обезбедување на компетитивна обука за проектни циклуси од страна на Универзитетот за потребите на Училиштето;
- помош при лобирање и ангажирање во поврзување со соодветните партнери кои ќе помогнат за локалниот и регионалниот развој;
- помош при истражување и имплентирање на најдобрите практики од странство /економии по одделни сектори во нашата земја од Универзитетот за потребите на Училиштето;
- по потреба ќе поддржи размена на публикации и активности објавени од страна на Универзитетот и Училиштето;
- непречена соработка со сите единици (факултети и академии) во рамки на Универзитетот, а во интерес на двете страни.

## 3. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 3**

Во рамки на предвидената соработка Училиштето ќе обезбеди на Универзитетот:

- официјализирање и зајакнување на соработката на институционално ниво меѓу Училиштето и Универзитетот;
- организирање и спроведување на заеднички истражувачки проекти и заемна размена на информации од резултатите од истражувањето;
- континуирана вклученост на наставниот кадар и учениците во активностите на Универзитетот што се во интерес на таргетираните целни групи од Училиштето;
- вклученост на учениците во активностите на Универзитетот во рамки на практичната настава, лабораториски вежби, предавања и слични можности;
- вклученост во давање податоци за креираната база на информации за талентирани ученици и соработка со нив (во рамки на Универзитетот со професорите од Универзитетот за подготовка за натпревари и сл.) преку воспоставување на систем за идентификување на млади таленти во соработка со Училиштето и средните училишта воопшто преку доставување информации за талентирани и наградувани ученици;
- брза и ефикасна комуникација помеѓу засегнатите страни (е-пошта, апликации за комуникација и сл.) преку избраниот најсоодветен канал за комуникација;
- вклученост во иницираните континуирани дискусии за т.н. Отворени денови и т.н. Недела на средношколци во организација на Универзитетот;

- вклученост во иницираните дискусии за потребите на училиштата и средношколците за кои УГД би можел да понуди поддршка и соработка и др.
- услови за промоција и претставување на факултетите и студиските програми пред средношколците;
- непречена отвореност за соработка со сите единици (факултети и академии) во рамки на Универзитетот, а во интерес на двете страни.

**Член 4**

Потписниците на Меморандумот се должни да се грижат за угледот и доброто име на другата страна потписничка, доколку тоа не е во спротивност со прописите, како и да ги штитат заедничките интереси.

## 4. КОМУНИКАЦИЈА

**Член 5**

Целокупната комуникација во однос на имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и развивана од следните контакти:

<u>За Училиштето:</u>

- Име и презиме: Горан Јовановиќ
- Позиција: Директор
- Тел.: 031412224
- e-mail: ssou-kiroburnaz-kumanovo@schools.mk

<u>За Универзитет „ Гоце Делчев “ - Штип:</u>

- Име и презиме: Дејан Мираковски
- Позиција: Ректор
- Тел.: 032 550 002
- Е-пошта: dejan.mirakovski@ugd.edu.mk

Целокупната имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и поддржана од ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и од директорот на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука "Киро Бурназ", Куманово.

(назив и место на училиштето)

## 5. РЕШАВАЊЕ КОНФЛИКТИ

**Член 6**

Сите разлики кои може да се појават од применувањето на содржината на овој Меморандум ќе бидат решени преку партнерски преговори на двете странки.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може еднострано да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата договорна страна, доколку другата страна

не се придржува до одредбите на овој Меморандум и истиот ќе се смета за раскинат по истекот на 10 дена од приемот на писменото известување.

**Член 8**

Договорните страни се обврзуваат да обезбедат доверливост и сигурност на податоците кои се идентификувани како деловна тајна и да ги преземат сите организациско технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

Како деловна тајна, согласно овој меморандум се сметаат:

- сите податоци за вработените, просториите и средствата на двете договорни страни /како и да се дефинирани во меморандумот;
- сите податоци на ангажираните лица;
- настани кои се случиле кај двете договорни страни;
- податоци кои би можеле да ја компромитираат во јавноста која било од двете договорни страни.

По завршување на важноста на овој Меморандум одредбата за чување на деловната тајна и понатаму останува во важност.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

За сето она што не е регулирано со овој Меморандум за соработка ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Овој Меморандум е составен од три (3) истоветни примероци, по еден (1) за секоја договорна страна.

Овој Меморандум стапува на сила со денот на потпишување на договорните страни.

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Ректор,

**проф. д-р Дејан Мираковски**

ДСУ Регионален центар за стручно образование и обука "Киро Бурназ"

Директор,

**Горан Јовановиќ**

Земјоделски факултет

Декан,

**проф. д-р Емилија Арсов**